**НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА ПЕРИОД 01.01.2021-31.08.2022 ГОДИНА**

## I. Активни жени отчетни власти 3

Проектот „Активни жени отчетни власти 3" е финансиски поддржан од Фондацијата Kvinna Till Kvinna од Шведска со реализација во периодот 2021 – 2023 година. Проектните активности се насочени кон: Поддршка на одржливоста на теренскиот пристап за зајакнување на жените од заедницата за самостојно, организирано застапување на нивните права и потреби кај институциите како редовна програмска рамка на локалните организации, без оглед на тематските области на нивно дејствување (граѓанско учество, економски статус, насилство и сл.); Понатамошен развој на организациските капацитети на локалните женски организации, преку поддршка за практична примена на внатрешните процедури развиени во рамки на претходна поддршка од АЗ; премин од проектно кон програмско планирање и буџетирање; обезбедување континуитет во работењето и ефикасно користење на ресурсите од АЗ и оние добиени од други извори заради постигнување промени во локалната заедница; Градење хоризонтални алијанси помеѓу женските организации и жените од заедниците за размена и соработка, меѓусебна поддршка и солидарно застапување на женското граѓанско учество и на родово одговорни политики и буџети кај институциите на локално и национално ниво. Континуиран мониторинг и собрани податоци за напредокот во спроведувањето на законските обврски за родова еднаквост во однос на воведувањето на родовата перспектива во сите општествени текови со примарен фокус на ефикасноста во имплементацијата на новиот Закон за родова еднаквост што се очекува да биде усвоен во 2022 година.

Во текот на 01.01.2021 - 31 август 2022 беа реализирани следните активности:

**Програма за финансиска и техничка поддршка на локалните организации** - институционални грантови беа обезбедени преку два таргетирани повици за 5 од планираните 6 локални организации кои успешно ги исполнија критериумите и го завршија процесот во согласност со препораките на АЗ. Како поддршка на постепеното преминување на организациите кон долгорочно програмирање и буџетирање во избраните области на фокус, беше спроведен следниот пристап кон распределбата на буџетот: Првиот циклус на грантови беше со договори за грант за период од 7 месеци (1-ви мај 2021-31-ви ноември 2021 година). Вториот циклус на институционални грантови кој покрива период од 24 месеци (декември 2021 - ноември 2023 година) со поддршка на последователни грантови за поддршка на двегодишни програми и буџети на 5 организации (Здружение Радика-Де Дебар, Граѓанска иницијатива на жени – ГИЖ Свети Николе, Хуманитарно здружение „Мајка" – Куманово, Асоцијација за унапредување на статусот на жените во Македонија „Женска Акција" – Радовиш, Организација на жени – Струмица). За жал, ЖГИ Клеа формално се повлече од процесот на аплицирање во првиот круг со објаснување дека тие не се подготвени да ги исполнат условите на програмата за регрантирање. Оваа организација беше заменета со Женското Лоби од Демир Капија, која беше финансирана со 6-месечна и дополнителна едногодишна проектна поддршка за спроведување последователни активности по успешно пилотирана иницијатива за теренски опфат и

зајакнување на жени и застапувачки иницијативи претходно спроведени во рамките на проект на АЗ поддржан од страна на UN Women.

Сумарни податоци од активности на 5 грантисти за 2021 година:









Процесот на субгрантирање беше надополнет со **тековна техничка поддршка** спроведена преку 13 посети и in house едукативни работилници спроведени од АЗ, како и континуирани онлајн сесии за планирање и поддршка. Дополнително, во поддршка на капацитетите за стратешко планирање на локалните организации, пред вториот циклус на доделување на грантови од страна на надворешен експерт ангажиран од АЗ беа испорачани 5 поединечни работилници за SWOT анализа. Тоа им обезбеди на организациите основна проценка и адресирање на програмските и внатрешните менаџмент приоритети на двегодишните програми и буџети на организациите.

**Локални средби за вмрежување –** Во насока на вмрежување и размена, како и поддршката на процесот на едукација и планирање на иницијативи за застапување на жените од различни локации, АЗ во 2021 организираше 4 локални средби за вмрежување на кои присуствуваа 70 активирани жени од 19 локации од Струмица, Босилово, Дебар, Центар Жупа, Маврово Ростуше, Куманово и Свети Николе. На овие настани беа презентирани новоактивираните жени, се идентификуваа понатамошните потреби за обука и потребите за застапување со препораки за локалните организации како да промовираат зајакнување на жени.

**Годишна средба на вмрежување -** Годишната средба на женскиот кружок се одржа од 13-15.07.2022 во Струга со цел запознавање и размена на практични искуства, научени лекции помеѓу 50 претстванички на 10 локални женски организации и активирани жени од 15 општини од иницијативите за поттикнување на граѓанско учество на жените преку теренски пристапи на зајакнување и застапување. Дел од средбата се искористи за детектирање на потенцијалот за примена на пристапи за размена на постоечка експертиза и организирано застапување со потенцијал за поширока примена кај повеќе заедници/организации на локално, регионално и национално ниво. Исто така за време на средбата беа утврдени насоките за понатамошно дејствување во функција на зајакнување на жените и застапувањето на приоритетите на локално, регионално и национално ниво.

**Серијал од видеа „Градење на автентичен локален женски активизам„ –** Серијалот има за цел промоција на женското граѓанско учество и се состои од четири кратки видеа во кои пет жени од различни локации (Мустафино-Свети Николе; населба Будулец-Дебар, Добрејци-Струмица) ги споделуваат нивните предизвици, искуства и позитивни промени од процесот на едукација,

мобилизација и застапување пред општинските власти. Во првото видео „Жените за месните заедници“ жените зборуваат за искуствата со месните заедници, во второто „Жените за јавниот ангажман“ зборуваат за предизвиците да се вклучат во политичкиот живот во своите заедници, во третото „Жените влегуваат во општините“ зборуваат за искуствата при застапување пред општинските власти и во четвртото „Учење за активизам“ зборуваат за процесот на учење и активирање.

Проширен број на членови **на 7 ФБ групи: Женски кружок (основен) и 6 (локални) женски кружоци** како механизам за социјална платформа продолжи да го шири и зголемува членството со нови аниматорки како што локалните организации го ширеа теренскиот опфат на жени во нови локации и општини. Кружоците овозможуваат подобрена и навремена комуникација, размена на информации, заедничка соработка и документирање на случувањата помеѓу жените. Во основниот Женски кружок кој е координиран од Акција Здруженска членуваат 88 локални асистентки и локални аниматорки, а Локалните женски кружоци бројат вкупно 382 членови жени од заедницата, овие кружоци се координирани од локалните организации.

**Зајакнат придонес со предлози на политики за застапување во националната дебата за приоритетите за родова еднаквост и воведување на родовата перспектива во клучни области на политики -** главно преку обезбедување на препораки за политики засновани на докази во врска со три избрани приоритети: подобрување на легислативата за родова еднаквост, соработка и вклученост на женските групи во процесите на развој на владината политика и пост пандемиско заздравување. Најзначајниот придонес изминатите три години обезбеден од АЗ беше поврзан со клучниот приоритет, **процесот на подготвување на Законот за родова еднаквост** кој започна во средината на 2020 година со над 20 состаноци на работната група. Процесот резултираше со прва официјална достапна верзија на Предлог законот за родова еднаквост објавена на ЕНЕР дури во втората половина на 2022. Ниту една одредба од различните нацрти на Законот за родова еднаквост не остана без коментар или писмени прилагодувања дадена од Акција Здруженска засновани на различни релевантни извори се со цел унапредување на текстот на законот и неговата потенцијална ефикасност. Во текот на 2022 АЗ подготви **Извештај од иницијалниот преглед на механизмите за родова еднаквост во органите на државната управа како референтни точки за споредбено развојна анализа** кој содржи општи методолошки насоки за спроведување на истражувачки активности за следење и евалуација на состојбата пред носење на Законот за родова еднаквост. Исто така, АЗ активно придонесе за јавната дебата преку обезбедување инпут во јавни реакции и кампањи како колективен напор со Платформата за родова еднаквост**.** Во текот на 2021 Акција Здруженска даде **инпут со предлог мерки за Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2021-2023** која се однесуваше на унапредување на ефикасноста и резултатите од вклученоста на тематски мрежи и поединечни граѓански организации во работни групи за изработка на прописи и стратешки документи. Од март 2022 извршната директорка на Акција Здруженска како кандидатка на Платформата за родова еднаквост беше избрана за член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондации за областа Родова еднаквост, со продолжување на членувањето во Советот, Акција Здруженска го задржа континуитетот за директно учество и следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

## II. Зајакнување на локалното женско организирање

Проектот „Зајакнување на локалното женско организирање“ со времетраење јуни 2020 –август 2022 финансиски е поддржан во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во РСМ“, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој – Сида. Партнерски организации во реализацијата се: ЖГИ Клеа-Битола; Радика Де-Дебар; Женски Форум-Тетово и ГИЖ Свети Николе; Здружение на производители на органска храна „Биовита“- Кавадарци; Здружение за родова еднаквост ВИЗИЈА Кавадарци; Здружение за рурален развој Рај Росоман; Здружение против дискриминација ЖЕНСКА СОЛИДАРНОСТ Ресен и Здружение на граѓани ОЖ „Женско Лоби“-Демир Капија. Активностите на проектот се насочени кон: Активно учество на жените во процесите на планирање и донесување на одлуки на локално ниво, преку зајакнување на локалните женски организации за граѓанска мобилизација на руралните жени за самостојно застапување на нивните интереси и конструктивен придонес во плановите и буџетите на локалните самоуправи кај локалните власти. Во текот на 2021 и август 2022 со завршувањето на проектот реализирани се следните активности:

**Финансиска и техничка поддршка за 8 локални женски организации за спроведување активности за теренски опфат на жени од 4 плански региони: Пелагониски, Полошки, Југо- западен и Вардарски.** Четирите организации кои беа поддржани за имплементација на напредни методолошки пристапи за поттикнување на вклученост на жените во планирањето и донесување одлуки во траење од 15 месеци успешно ги комплетираа активностите во 8 општини и 10 рурални средини (Шипковица, Боговиње, Желино, Буково, Новаци, Лозово, Дорфулија, Велебрдо, Аџиевци/Присојница и Папрадник). Организациите ги зголемија своите вештини и искуства за мобилизација и застапувачки иницијативи на жени пред локалната власт, како и капацитетите за следење и проценка на програмите и буџетот на локалната самоуправа.

Петте пилот локални организации ги комплетираа активностите за едукација и застапувачки иницијативи на жените во рурални средини во траење од 6 месеци, воспоставувајќи соработка со жените од заедницата од 15 локации (Јанковец, Царев Двор, Подмочани, Грнчари, Претор, Корешница, Бистренци, Прждево, Бегниште, Пепелиште, Дисан, Сопот, Возарци, Сирково и Росоман) како нивни идни јадра за спроведување на теренски иницијативи на жени.

**Развивање алатки за следење и проценка на единиците на локалната самоуправа**. Како поддршка за партнерските организации АЗ креира Рамка со насоки за следење и проценка на единиците на локалната самоуправа. Целта на оваа рамка е да обезбеди подетални насоки за локалните организации за спроведување на еден од клучните чекори, континуирано, систематско следење и проценка на работата на локалната власт, односно прибирање податоци кои се во функција на зајакнување и успешно застапување на приоритетите на жените од заедниците со кои работат, а кое е засновано на докази. Примената на оваа рамка резултираше со подготовка на мониторинг извештаи за секоја општина опфатена од организациите кои спроведуваа напредни методологии за опфат на жени.

**Организирана е „Работилница за вмрежување и проценка“ од 14-16 јули 2021 во Хотел Дрим Струга со учество на 41 претствничка на 9 организации и жени од 21 локација**. За време на работилницата за вмрежување за првпат имаше можност да се разменат практични искуства и

научени лекции помеѓу партнерските организации и жените од различните региони од иницијативите за поттикнување на граѓанско учество на жените преку теренски пристапи на зајакнување. Овој настан се искористи за да се проценат резултатите и ефектите од спроведените иницијативи врз жените и врз локалните власти и да се утврдат насоките за понатамошно дејствување во функција на зајакнување на жените и застапувањето на приоритетите пред новоизбраните локални власти.

**20 локални средби за вмрежување на жени**. Со цел проценка, планирање и размена на искуства беа организирани состаноци за вмрежување на кои присуствуваа 203 жени од 10 локации, истовремено вмрежувањата придонесоа кон редовна социјална интеракција и размена на информации помеѓу жените. Овие средби се организирани од четирите локални организации кои имплементираа напредни методолошки пристапи за теренски опфат на жени.

**Кампања „Како да станеш активна граѓанка?“ -** Во текот на март 2021 година реализирана е online кампања за поттикнување на женско граѓанско учество. Кампањата се состои од дизајнирани постови како придружни пораки во одговор на главното прашање „Како да станеш активна граѓанка?“, од кои посебно или сите заедно функционираат како едукативни насоки кои се во функција на промоција на култура на активно /одговорно граѓанство кај општата популација жени на кои им се обраќаме како примарна целна група.

Пораките укажуваат на различни форми низ кои жените може да обезбедат отчетност, транспарентност на локалните самоуправи, особено во делот за управувањето со јавните финансии. Кампањата достигна публика од околу 70.000 корисници на социјални медиуми. Истовремено картичките беа подготвени во печатена верзија на албански и англиски јазик во тираж од 500 примероци.

**Документарно видео „Кога ќе се здружат жените“.** Видеото е подготвено во јули 2022 и во него жените од Бистренци – Демир Капија, Дорфулија – Лозово, Шипковица – Тетово и Мал Папрадник – Центар Жупа, зборуваат за придобивките од теренските стратегии во поддршка на автономен, непосредуван и организиран женски глас. Видеото има за цел да ја информира пошироката јавност за ефектите од теренските пристапи за зајакнување на жени од руралните средини, реализирани во рамки на проектот „Зајакнување на локалното женско организирање“. Видеото во август 2022 е поставено на социјалните медиуми со превод на Англиски, Турски и Албански јазик.

**Едукативна програма за зајакнување на жените во заедницата –** Во текот на 2021 и 2022 одржани се дополнителни 7 работилници за едукација на 85 жени за зголемување на знаењето на жените за клучните компетенции и одговорности на локалната самоуправа и поттикнување на женското граѓанско учество, и истите беа во насока на изнаоѓање конкретни решенија за реалните проблеми за чие надминување се одговорни општинските власти и идентификување приоритети/прашања како потенцијални теми за застапување.

**Мобилизација и преговори**. Во текот на 2021 и 2022 жените од локалните заедници и претставничките на локалните организации ја продолжија директната комуникација со локалните власти за застапување на своите приоритети преку поднесување писмени предлози и средби за застапување со градоначалници, координатори на еднакви можности на жените и мажите, релевантни претстваници на општинската администрација, претставници на локалните совети, јавни претпријатија и локални институции, месните заедници.

**Осум локални иницијативи за застапување**. Сите осум организации успешно ги завршија активностите за едукација, буџетска писменост и активности за застапување на жените од заедниците. Процесот на зајакнување резултираше со зголемени знаења и мотивација за учество на жените во процесите на буџетирање и планирање во локалните самоуправи.
Локалните иницијативи за застапување и преговорите на жените со локалните влсти резултираа усвојување и имплементирање на следните мерки за политики предложени од жените:
Мерки усвоени од Општина Битола - Дополнително проширување од двете страни на коловозната лента со коцка; Обнова на детскиот парк со нови реквизити во село Буково; Поставување на ново улично осветлување и Јавен локален превоз за викенд за жителите на Буково.
Мерка усвоени од Општина Новаци-Редовно чистење и одржување на депонијата во Новаци.
Мерки усвоени од Општина Центар Жупа - Општината да најде можност и да покаже поголем интерес кон старите лица преку воведување теренски услуги за куќна нега на старите и изнемоштени лица; Општината да отстапи деловна просторија за потребите на жените заради нивна поголема вкученост и организирање на настани според нивните потреби.
Мерки усвоени од Општина Маврово Ростуше - Асфалтирањето на меѓуселскиот пат Присојница – Аџиевци; поплочување на ,,патчето до Џамијата,,
Мерка усвоени од Општина Кавадарци - Санација и доработка на патот во селото Возарци со што е санирана најкритична точка на тој дел од патот.
Мерки усвоени од Општина Боговиње - Изградба на тротоари; Поставено улично осветлување пред амбулантите со лед светилки.
Мерка усвоени од Општина Демир Капија - Адаптација на постоечки простории за потреби на отварање на градинка во село Бистренци.
Мерки усвоени од Општина Лозово - Поставување на канти за отпадоци; Уредување и ставање во функција на игралиштето Јусуф Деде Караџалија; Подобрување на електричната инфраструктура за напојување на домакинствата; Општината да даде на користење простор за отворање на женски центар.
Мерки усвоени од Општина Тетово - Асфалтирање на патот од 3 км до село Шипковица; Отстранување на камењата како и да се изгради зелен парк во училишниот двор, поточно на местото каде што се наоѓа спомeникот на Реџеп Вока и на Садудин Ѓура.
Мерки усвоени од Општина Желино - Поставување на ново јавно осветлување.
**Публикација „Ширење на идејата за женското граѓанско учество“ (работна верзија)** - Во оваа публикација се содржани искуствата и клучните резултати од спроведувањето на двегодишниот проект „Зајакнување на локалното женско организирање“ кој претставува интегрален дел од пошироката стратегија на Акција Здруженска за обезбедување суштинско учество и влијание на жените врз процесите на креирање политики и донесување одлуки на локално ниво, преку нивно зајакнување и поддршка за тие да го пронајдат, развијат и употребат сопствениот глас за подобрување на условите во заедниците во кои живеат.

## III. Родова димензија на политики во фокус – јакнење на резилиентност во пост-ковид период

Проектот „Родова димензија на политики во фокус – јакнење на резилиентност во пост-ковид период“ се реализираше во период од 01 Мај 2021 – 31 Август 2022, со финансиска поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска) од Шведска, преку програмата CIVICA Mobilitas. Партнерски организации во реализација на овој проект се Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје и Здружение Радика-ДЕ – Дебар. Активностите на овој проект се реализираа на територијата на Маврово Ростуше, Центар Жупа и

Дебар. Проектните активности се со цел да се даде придонес кон пост пандемиско закрепнување на општеството преку засилено граѓанско застапување на родовата еднаквост фокусирано на скроени пристапи на централните и локалните власти за јакнење на отпорноста на жените како најпогодена категорија граѓани, со посебен фокус на етнички и социјално маргинализираните категории. Во текот на 2021 и заклучно со август 2022 кога е финализирана имплементацијата на проектот, спроведени се следните активности:

**Деск анализа на стратешки документи на институциите и експертски анализи - Анализа на јавни политики со учество на засегнатите страни (консултативни средби), препораки и план за застапување.** Деск анализата се реализираше во период од мај – ноември 2021 и се состои од мета анализа на постоечките експертски анализи и извештаи поврзани со темата, како и достапните документи и политики на институциите за политиките на владата на Северна Македонија за намалување на последиците од пандемијата во неколку области - социјалните политики, здравствените и економските политики. Исто така, анализата се заснова и на податоците добиени со емпириското истражување спроведено од Институтот за општествени и хуманистички науки, што се прикажани во останатиот дел од проценката, а кои даваат увид во ефектите што пандемијата ги имаше врз жените и граѓанските организации што работат на полето на родовата еднаквост, како и ефектите од политиките спроведени од институциите.

**Теренска проценка – анкета на национално-репрезентативен примерок и интервјуа.** Теренската проценка ја спроведе ИОХН-Скопје во периодот мај-октомври 2021. Направено е квалитативно истражување односно длабински интервјуа со 10 претставнички на граѓански организации од сите региони во државата, што работат на полето на родова еднаквост. Во периодот мај-август 2021 е направено и квантитативно истражување односно телефонска анкета. Опфатени беа 602 испитанички од цела држава, репрезентативни според националност, возраст и образование.

**Публикацијата „Проценка на потреби за градење родово сензитивни политики за општествена, пост-Ковид резилиентност и закрепнување"** со обединети наоди беше издадена во ноември 2021 Таа се содржи од 50 страници во кои се пренесени деск-анализата, податоците од теренската проценка и препораките и планот за застапување.

**Национална широка консултација за приоритетите за родово-сензитивно јакнење на општествената резилиентност во контекст на пост-пандемијата со фокус на женската социо-економска ранливост.** Беше организирана национална онлајн консултација на 09.12.2021 година насловена „Какви политики за пост-пандемиски одговор за родова еднаквост ни требаат?" Врз основа на презентираните податоци добиени со проценката, настанот имаше за цел да овозможи дополнителен придонес со искуства и препораки во застапувачкиот процес од различни претставници на граѓанските организации и институциите. На средбата присуствуваа 38 претставници од засегнатите страни и имаше богата дискусија која овозможи да се дооформат препораките и плановите за застапување. Како резултат на консултативната средба беше произведен и дистрибуиран кус документ за политики што ги одразува препораките за изработка на родово сензитивни политики во пост-ковид контекст. Средбата исто така беше пренесувана на социјалните платформи и е комбинирано прегледана 2143 пати.

**Директно застапување на препораките и моделите од спроведената проценка на потребите пред централна власт.** Клучните препораки за промени во пристапот на креирање на политики и мерки преку скроен пристап и анализирани специфични потреби и вклучување на ранливите категории жени со интерсекциски пристап беа директно застапувани на средба со министерката и претставници

на сите релевантни сектори од МТСП одржана на 30 мај 2022. На средбата и претстоеше претходна координација од Акција Здруженска за клучните заеднички специфични прашања и препораки во контекст на процесот на креирање политики и буџетските алокации, социјалните услуги и вработувањето со повеќе релевантни национални организации кои работат на прашањата на родовата еднаквост во различни области од надлежност на Министерството.

**Теренска едукација на рурални жени, со посебен акцент на етнички и социјално маргинализираните.** Во текот на месец март 2022 год. беа реализирани три воведни едукативни работилници со учество на 53 жени од селектирани локации од секоја од трите опфатени општини за запознавање со клучните области релевантни за статусот и правата на жените и за начините на аргументација на родовата еднаквост при застапувањето на социо-економските потреби кај локалните власти. Врз основа на информации од учесничките за состојбата и искуствата на жените од овие општини (во пандемиски и пост пандемиски контекст) во областа на учеството, економската положба, здравјето, образованието и насилството кое за прв пат беше предмет на дискусија за жените во овој крај, беа детектирани клучните области на интерес и заедничките специфични потреби и предизвици како основа за градење на алијансата. Особено внимание беше посветено на дискусијата за наодите од проценката и за негативното влијание на посочените предизвици за жените на поширокиот социо-економски развој на регионот и нивната релевантност во процесот на формулирање и застапување на социо-економски мерки во надлежност на општините.

**Средби за вмрежување и градење сојузништва.** Беа организирани две средби за вмрежување со вкупно 35 учеснички од локации од сите опфатени општини и претставници на партнерските организации. Првата средба за вмрежување беше организирана на 30.05.2022 како тематска консултација на 20 невработени/неактивни жени и претставнички на партнерските организации со 5 претставници од МТСП (министерката и лица одговорни за активните мерки и политики за вработување). Оваа средба претставуваше единствена можност креаторите на политиките да се стекнат со директен увид во специфичните потреби и ограничениот потенцијал на жените од овој крај за вклучување во презентираните мерки во програмите на различни министерства (МТСП, Министерство за економија и Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство). Согласно препораките од студијата, особено беше дискутирана потребата од промени во начинот на планирање на мерките и критериумите за користење, односно кроење согласно потребите на маргинализираните групи жени, врз основа на нивните постоечки вештини и знаења и можности за реализација на економски активности. Втората средба за вмрежување беше организирана на 28.07.2022 год. на која 15 претставнички на работните тимови формирани од локациите од секоја општина, со поддршка од Акција Здруженска и Радика Де работеа на финализација на писмените предлози за мерки и ажурирање на плановите за заеднички настап во директното застапување кај локалните власти.

**Работилници за планирање заеднички застапувачки акции.** Беа организирани 2 дводневни работилници со вкупно 45 учеснички од опфатените општини. На првата работилница одржана на 20-21.05.2022 жените беа воведени во спецификите и клучните чекори од застапувачките стратегии. Врз основа на заеднички утврдени приоритети развија потенцијални решенија и ги идентификуваа примарната и секундарната целна публика кај кои ќе ги застапуваат предлозите. На втората работилница одржана на 24-25.06.2022, врз основа на прибрани информации за програмите и буџетите на општините и иницијалната комуникација со одговорни лица беа подетално разработени целите и задачите на застапувањето, и беа подготвени нацрти на плановите за застапување.

**Средби за директно застапување/преговарање на предлогот од претставнички на алијансата (платформата) пред надлежни претставници на локална самоуправа.** Беа реализирани 6 средби со 43 претставници на трите општини опфатени со акцијата, на кои жените со поддршка од претставнички на Радика Де имаа можност да ги престават предлозите и да обезбедат повратна информација од новоизбраните власти за потенцијалот за нивно вклучување во програмите и буџетите на општините.

**Средба за вмрежување со локални организации и жени од други општини, со посебен акцент на етнички и социјално маргинализираните.** (Ивестена во рамките на проектот „Активни жени отчетни власти 3" како заедничка активност на двата проекти).

**V. Други активности**

**Учество на две средби за вмрежување со женски организации и партнери од Македонија поддржани од Kvinna Till Kvinna Foundation, во јули 2021 и 2022 година.** Годишните средби беа простор за споделување, размена на информации и координација на тематските области: Родово-базирано насилство; Економско зајакнување и економски права како и дебата околу тоа Колку чинат феминистичките битки; Предизвици во градење на движењето, Анти-родово движење во Македонија – предизвици и проблеми; Суштинската улога на женските граѓански организации во овозможувањето пристап до сервиси за сите жени; Интернет активизам - стратегии за справување и преживување и други релевантни теми за статусот на феминиситчкото движење во Македонија.
**Учество на состанок со претставници на парламентот од Шведска** – одржана во Скопје во февруари 2021 во Скопје, во организација на Kvinna Till Kvinna Foundation.
**Учество на регионален настан преку платформата ZOOM - Feminist Peace - Alternative narratives and solutions in a changing world, Digital Conference – одржан од 14-16 Јуни,** во организиација на Kvinna Till Kvinna Foundation.
**Учество на обука за Комуникација** -тимот на Акција Здруженска ги разви и зајакна капацитетите во областа на комуникацијата преку учество на обука за Комуникација организирана во 2021 од страна на Kvinna Till Kvinna.
**Учество на обука за „Анти корпуција и финансиски менаџмент"** органисирана како онлајн тренинг во 2021 од страна Kvinna Till Kvinna Foundation.
**Соработка со Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје** за промовирање на неформалното училиште "Феминистичко образование за сите" преку идентификација на потенцијални учесници помеѓу жените во заедницата и локалните жени организации.
**Учество на регионалана средба „Utelovljeni aktivizam i hrabrost za odmor"** во мај 2022 Србија во организација на Артполис Приштина наменета за активисти од Македонија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Со поддршка на Urgent Action Fund (UAF), Mama Cash и the Reconstruction Women's Fund (RWF).
**Учество на ArtFemine Фестивал – регионален фестивал за феминистички активизам и уметност организиран во јули 2022 во Ниш Србија, во организација на Центар за девојки-Ниш** во Србија во јули 2021.

**Платформа за родова еднаквост**

**Акција Здруженска во 2021 учествуваше на петтиот Марш за женски права на кој активистките потсетија – Држава што не постапува е држава што силува!** По повод 8 Март, организиран е марш кој започна со собирање пред Министерството за внатрешни работи (МВР), означувајќи го почетокот на петтиот Марш за женски права. Маршот е кулминација на неколку неделните реакции на Платформата за родова еднаквост во насока на бавната реакција на институциите во поглед на случаите на родово базирано насилство.

**Акција Здруженска во 2022 учествуваше на шестиот марш за женски права на кој се маршираше под слоганот „Сиромаштијата има женско лице“.** Активистките потсетија дека и покрај тоа што жените се еднаква половина од населението во државата, сè уште не уживаат еднакви права во речиси ниту еден аспект од нивните животи, на работа или дома, во политиката и социјалниот живот, а држава во која жените не се вклучени како еднакви, е држава во која нема напредок. Тие одговорноста ја лоцираат во институциите кои поради отсуството на политики, стратегиски документи и механизми кои го поддржуваат унапредувањето на родовата еднаквост и правата на жените дозволуваат системска дискриминација и насилство, но и во недостигот на родово сензитивни мерки за справување со пандемијата со ковид-19 и на механизми за економско јакнење на жените. Сметаат дека ова, меѓудругото, се должи и на невклученоста на жените во креирањето на политики и мерки, како и во носењето одлуки кои ќе ги земат предвид потребите на сите граѓан(к)и.

**Во текот на 2021 и 2022 како заедничка активност на Платформата за родова еднаквост упатени се следните реакции и поддршки:**

**Солидарност со Приштина** – Платформата за Родова еднаквост изрази поддршка со протестите и активистите кои бараат соодветна реакција од институциите, но и крај на сите форми на родово базираното насилство. Протести во знак на револт беа организирани во Приштина, Тирана и Скопје по силувањето на 11-годишно девојче од страна на пет мажи и момчиња во Приштина. Пораката на протестите имаше за цел да потсети колку се ранливи животите на жените и девојките во државите каде што институциите на власта, но и социјалното опкружување не прават доволно за да ги заштитат нивните права, достоинство и животи.

**Фемицидите се производ на молкот на општеството и недовербата во институциите- Апелациониот суд Гостивар итно да донесе судска пресуда со која ќе ја заштити Елена Јовицоска и ќе го осуди сторителот на семејно Насилство -** Граѓанските организации остро реагираат на непостапувањето од страна на надлежните институции во однос на лицата кои се соочуваат и справуваат со семејно насилство.

**Собранието на РС Македонија итно да ги донесе измените на Кривичниот Законик со кои кривично ќе се гонат сите форми на сексуално насилство вклучително и сексуално вознемирување онлајн -** граѓанските организации го искажуваа своето длабоко незадоволство од разрешницата на случајот „Јавна соба“ во првостепената постапка. Со ваквата одлука, судот праќа порака дека казнената политика во државата е недоволна, несоодветна и нецелосна во однос на ваквите дела во коешто влегува делото од член 193-а од Кривичниот закон. Имено, законодавецот пропишал минимум казна од 5, односно од 8 години, а Судот одредува казна двојно пониска од утврдениот законски минимум.

**Поддршка за учебници без дискриминација и знаења кои промовираат еднаквост и инклузивност -** здруженијата за граѓани и мрежи од граѓански организации, ги поздравуваат реформите предвидени во Предлог законот за учебници и други наставни и дидактички материјали и сметаат дека законот ќе донесе позитивни промени и напредок во образовните политики, особено од аспект.

**Јавното обвинителство итно да го расчисти случајот „Јавна соба“ и да започне професионално да работи на случаите на родово-засновано насилство -** Платформата за родова еднаквост на

24.02.2022 одржаа прес-конференција на која упати барања до Јавното обвинителство и Советот на јавни обвинители за конечно разрешување на случајот Јавна соба и доследно пружање на заштита на жените жртви на родово-засновано насилство. Од Платформата бараат обвинителството и Советот итно да испорачаат конкретни резултати по нивните барања со рок до 8 Март, кои ќе покажат дека конечно овие институции преземаат мерки.

**Бараме итно преземање на мерки за расчистување на случајот „Јавна соба“ и заштита на жртвите на родово засновано насилство -** Платформата за родова еднаквост на 17 февруари 2021 одржаа прес-конференција на која упати барања до Министретвото за внатрешни работи за конечно разрешување на случајот Јавна соба и доследно пружање на заштита на жените жртви на родово засновано насилство.

**Реакција: Скандалозен однос на Јавното обвинителство кон кривичните дела од „Јавна соба“ -** Платформата за родова еднаквост како мрежа од 24 организации изразува огромно разочарување од игнорантниот однос на надлежните институции во врска со случајот „Јавна соба“.

## Прибирање финансиски средства

Паралелно со спроведувањето на проектите, тековно се одвиваа и активности за обезбедување финансиски средства за непречена реализација на програмските активности на организацијата. Во 2021 АЗ обезбеди вкупен буџет во износ од 11 060.845,00 мкд распределен според следниве категории:









Во 2021 АЗ аплицираше на повикот EIDHR Supporting a civil society through Country-Based Support Schemes in North Macedonia со апликација за проектот „Зајакнување на жените за социјална правда“, но за жал исходот беше негативен.